


Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Референт за позадински операции во Сектор Плаќања во земјата Дирекција Платни Системи

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

## Квалификации:

- Високо стручно образование
- Работно искуство од најмалку 1 година во финансиски институции, ќе се смета за предност
- Одлични комуникациски вештини
- Способност за тимска работа
- Позитивни, одговорни и посветени
- Познавање MS Office пакетот
- Познавање на англиски јазик
- Мотивираност за остварување на зададените цели и за стекнување на нови знаења

## Работни активности:

- Креира, пушта и врши контрола на пратки кон КИБС и МИПС за налози и сметки согласно терминскиот план за работа на платните системи;
- Врши исплата  на пензии и социјална помош;
- Врши внес и контрола на договори за трајни налози и контрола на дневна реализација на веќе внесените трајни налози;
- Размена на фајлови за регистрација на корисници до институции со кои Банката има склучено договор;
- Врши затварање на сметки по барање на клиенти или законска регулатива;
- Изготвува и доставува извештаи кон надворешни институции.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk  или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 14.04.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk